До: Граѓански организации водени од жени
Реф. бр. 06-10/1
Датум: 27.07.2026

Предмет: Повик за учество во програма за јакнење на капацитетите за следење, застапување и јавен дијалог во процесот на европска интеграција во рамки на проектот *„WOMENomics: Економско зајакнување и дигитални права за интеграција во ЕУ“*

Почитувани,

АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности објавува повик за избор на **20 женски граѓански организации коишто работат на прашања поврзани со родовата еднаквост, женското (економско) зајакнување и дигитална инклузија (најмалку по две од секој од осумте плански региони во Република Северна Македонија)** кои ќе учествуваат во програма за обука и менторство за јакнење на капацитетите за следење, застапување и јавен дијалог во областите на економското зајакнување на жените и нивната дигитална инклузија во процесот на пристапување кон Европската Унија.

Избраните организации потребно е да номинираат претставничка која ќе учествува во програмата за обука и менторство и активно ќе придонесува кон следење на реформите за пристапување во ЕУ, прибирање и анализа на податоци, подготовка на препораки за политики и учество во процеси на јавен дијалог.

Пријавата треба да содржи:

- Писмо за изразување интерес во кое е наведено името на лицето од граѓанската организација кое е номинирано;
- Стручна биографија на лицето;
- Доказ за регистрација на организацијата (тековна состојба).

Подетални информации за програмата, условите за учество и начинот на пријавување се содржани во документот **„Услови за учество“**.

Пријавите се доставуваат скенирани електронски на contact@agora.org.mk или во затворен коверт во архивата на АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности (ул.Ристо Шишков бр.12-1/4, 1000 Скопје).

На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За повик Реф. Бр. 06-10/1“ и текстот „Да не се отвора пред сесијата за евалуација”.

Документите во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со потпис од лицето.

Краен рок за доставување на пријавите е 31.08.2026 (понеделник), до 00:00 часот.

Сите пријавени кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на комисијата за евалуација и соодветно известени.

Со почит,

Кристина Хаџи-Василева

Раководителка на грантови

Овој документ е изработен со финансиска поддршка од Шведска преку проектот „Поддршка на европската интеграција на Северна Македонија“, кој го спроведува Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (УНОПС). Содржината на овој документ е единствена одговорност на Агора-Центар за промовирање на граѓански вредности и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Шведска и УНОПС.